УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” СКОПЈЕ

# Водич
# низ докторските студии

Скопје, јуни 2013

# Водич
# низ докторските студии

## 1. Општ вовед

Воведувањето на третиот циклус - докторски студии како вистински студии со напуштање на досегашниот начин на стекнување докторат на науки, претставува една од најзначајните реформи во високото образование на Република Македонија, па оттаму, и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Воспоставениот модел на докторски студии на УКИМ, по примерот на развиените европски универзитети, е прв од ваков вид, не само во државата, туку и на Балканот. Истовремено, концептот за организирање на докторските студии во Школа за докторски студии е една од основните карактеристики на интегративното дејствување на Универзитетот.

Официјалниот почеток и работата на Школата за докторски студии на Универзитетот, беа означени со првото предавање од обуката за истражување на третиот циклус - докторски студии, насловено *„Универзитетот, науката и етиката - концепција и практика на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје“* кое го одржа ректорот проф. д-р *Велимир Стојковски*. Овој значаен настан се одржа на 1 декември 2011 година во големиот амфитеатар на Филозофскиот факултет, во присуство на првите запишани кандидати, раководството на УКИМ, декани на факултетите, директори на научните институти, раководители на студиските програми од трет циклус студии, наставно-научни кадри, вработени на Универзитетот и претставници на медиумите.

Докторските студии траат три години и вкупно носат 180 ЕКТС-кредити. Студентот кој завршил трет циклус докторски студии стекнува научен назив доктор на науки (dr.sc) односно доктор по уметности (dr.art) од подрачјето, полето, областа на која докторира.

## 2. Услови и начин на запишување студенти

Основа за изработка на Водичот низ докторските студии претставуваат следните документи:

- Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;
- Правилник за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус на студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- Статутот на Универзитетот.

Запишувањето на докторските студии се врши врз основа на конкурс кој го објавува Универзитетот.

Право за запишување на докторски студии имаат лица кои завршиле соодветни студиски програми и кои ги исполнуваат основните критериуми:

- завршен II циклус на студии усогласени со европскиот кредит-трансфер систем (во натамошниот текст: ЕКТС-кредити);

- завршени постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, на кои им се признаваат 60 кредити од обука за истражување и едукација;
- стекната стручна подготовка според студиски програми за регулирани професии, со остварени најмалку 300 ЕКТС-кредити;
- остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршеното високо образование, од најмалку 8,00;
- познавање на еден од светските јазици. Доказ за познавање на светски јазик е сертификат од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" или меѓународен сертификат или диплома за претходно стекнато образование на соодветниот светски јазик.

За кандидатите кои не ги исполнуваат условите од алинеја 4, во зависност од спецификите на научната област, советот на студиската програма може да утврди дополнителни критериуми за запишување.

Право за запишување на докторски студии на Фармацевтскиот факултет, согласно со препораките и стандардите на Орфеус за докторски студии во биомедицината и здравствените науки, имаат и:

- лица кои завршиле според студиска програма од 1992/1993 година, во траење од 5 години и се стекнале со диплома *дипломиран фармацевт*;
- лица кои завршиле според студиска програма од 2002/2003 и се стекнале со диплома *магистер по фармација*;
- лица кои завршиле според студиска програма од 1981/1982 година, во траење од 4 години, кои се стекнале со диплома: *дипломиран фармацевт* и имаат завршена здравствена специјализација во траење од 3 години.

Право за запишување на докторски студии на Медицинскиот факултет, согласно со препораките и стандардите на Орфеус за докторски студии во биомедицината и здравствените науки, имаат и:

- лица кои завршиле според студиските програми до 2005/2006 година и се стекнале со диплома: *доктор на медицина,* а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиска програма од 2005/2006 (360 кредити) и се стекнале со диплома: *доктор по медицина,* а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лицата кои се запишуваат на докторски студии од базична медицина на област за која нема здравствена специјализација, треба да имаат најмалку два in extenso труда како прв автор, публикувани во списанија со меѓународен уредувачки одбор.

Право за запишување на докторски студии на Факултетот за ветеринарна медицина имаат и:

- лица со завршен интегриран прв и втор циклус, односно завршен втор циклус на студии од областа на ветеринарната медицина, медицинските науки, природните науки и **биотехничките** науки;
- **лица кои завршиле според студиската програма пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од 10 семестри и се стекнале со диплома *доктор по ветеринарна медицина* и кои запишале постдипломски магистерски студии;**
- лица со завршени додипломски студии од погоре посочените области по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем,

при што кандидатите треба да имаат и најмалку два соодветни труда (еден како прв автор), публикувани во списанија со меѓународен уредувачки одбор;
- лица со завршени соодветни специјалистички студии.

Право за запишување на докторски студии на Стоматолошкиот факултет - Скопје имаат и:

- лица кои завршиле според студиските програми до 2003/2004 и се стекнале со диплома доктор на стоматологија или со диплома доктор по стоматологија, а им е одобрена, односно запишале здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиските програми од 2003/2004 и се стекнале со диплома доктор по стоматологија, а им е одобрена, односно запишале здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиските програми од 2010/2011 и се стекнале со диплома доктор по дентална медицина, а им е одобрена, односно запишале здравствена специјализација.

Право за запишување на докторски студии на Архитектонскиот факултет имаат и:

- лица кои завршиле студии по архитектура по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од десет семестри;
- лица кои се стекнале со звањето специјалист во рамките на третиот циклус на студии, при што на овие кандидати им се признаваат најмногу 60 кредити.

Право на запишување на докторски студии имаат и странски државјани.

### 3. Запишување на студенти со завршени постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем

Студентите со завршени постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, со одлука на Советот на студиската програма, имаат можност за признавање 60 кредити од обука за истражување и едукација. Студентите на кои им се признале 60 кредити од обука за истражување и едукација директно запишуваат III (трет) семестар и пристапуваат кон извршување на обврските започнувајќи од тој семестар, согласно структурата на студиските програми за трет циклус докторски студии

На студентите запишани на докторски студии на кои им се признаваат 60 кредити од обука за истражување и едукација поради завршени постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, школарината им се намалува за висината на средствата за обуката за истражувањето (12 ЕКТС x 15 евра за генеричките предмети) + (2 ЕКТС x 15 евра за семинар) + (2 ЕКТС x 15 евра за годишна конференција) и за предметите од полето и областа на истражување (30 ЕКТС x 30 евра).

# 4. Структурата на студиските програми за докторски студии

| ***I година*** | | |
|---|---|---|
| **I семестар** | | |
| 15 септември<br>октомври<br>ноември<br>декември | 1. предмети за стекнување генерички знаења<br>2. предмети од полето и областа на истражување | Максимум (1.+2.) 30 к. |
| јануари | испитна сесија | |
| **II семестар** | | |
| февруари<br>март<br>април<br>мај | 1. предмети за стекнување генерички знаења<br>2. предмети од полето и областа на истражување | Максимум (1.+2.) 12 к. |
| | докторски семинар со презентација *(прва недела од март)* | 2 к. |
| | истражување (за подготовка на тема за докторска дисертација) | 14 к. |
| 15 мај-15 јуни | испитна сесија | |
| прва недела од септември | годишна конференција со презентација на извештај | 2 к. |

| ***II година*** | | |
|---|---|---|
| **III семестар** | | |
| 15 септември<br>октомври<br>ноември<br>декември | подготвување и поднесување на пријавата за темата за докторската дисертација,<br>истражување | 28 к. |
| јануари | испитна сесија,<br>докторски семинар со презентација на извештај | 2 к. |
| **IV семестар** | | |
| февруари<br>март<br>април<br>мај | работилница за истражувачка практика | 3 к. |
| | истражување и објавување резултати | 25 к. |
| 15 мај-15 јуни | испитна сесија | |
| прва недела од септември | годишна конференција со презентација на извештај | 2 к. |

| ***III година*** | | |
|---|---|---|
| **V семестар** | | |
| 15 септември<br>октомври<br>ноември<br>декември<br>јануари | истражување и објавување резултати | 28 к. |
| | докторски семинар со презентација на извештај | 2 к. |
| **VI семестар** | | |
| февруари<br>март<br>април<br>мај | работилница за истражувачка практика | 3 к. |
| | истражување и пишување на тезата | 25 к. |
| прва недела од септември | годишна конференција со презентација на извештај | 2 к. |

**5.Студиските програми се состојат од три целини:**
1. обука за истражување, што изнесува 30 ЕКТС-кредити;
2. едукација, што изнесува 30 ЕКТС-кредити;
3. пријава, изработка и одбрана на докторската дисертација, што изнесува 120 ЕКТС-кредити.

**5.1. Обука за истражување**

Обуката за истражување и објавување резултати опфаќа:

- три предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување, со вкупно 12 ЕКТС-кредити
- докторски семинари, конференции и работилници од истражувачка практика, со вкупно 18 ЕКТС-кредити.

**5.1.1. Предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување**

Сите предмети од оваа група се вреднуваат со по 4 кредити, и тоа:

1. предметот научноистражувачка етика
2. еден предмет од групата предмети методологија на истражување
   - Методологија на научноистражувачка работа (базично ниво)
   - Методологија на научноистражувачка работа (од областа на општествените и хуманистичките науки)
   - Методологија на научноистражувачка работа (од областа на биотехничките и медицинските науки и здравството)
3. еден предмет од понудената листа на други предмети од обуката за истражување (универзитетска листа на изборни предмети)

**5.1.2. Докторски семинари, конференции и работилници од истражувачка практика**

**Семинари, конференции**

Согласно структурата на студиските програми од трет циклус докторски студии, докторските семинари и конференции се реализираат во II, III, IV, V и VI семестар.

**Целта** на семинарите и конференциите е да се следи работата на докторандите на своите докторски десертации, уште при подготовката на темата, а потоа и во текот на истражувањето.

**Придобивките** од семинарите и конференциите се за самите докторанди, при што им се укажува и сугерира во правец на поквалитетно изработување на трудот кој е предмет на запишаните доктроски студии.

Начин на организирање на семинарите и конференциите

**II семестар**

Студентот за семинарот и конференцијата во II семестар треба да го подготви следното:

- пријава

- една страница текст (наслов, апстракт и референци). Трудот треба да биде напишан во (font Times New Roman,11, line spacing single)
- power point презентација

Валоризацијата на кредитите за семинарот или годишната конференција која се држи во II семестар ја врши трочлена комисија, по правило составена од: раководителот на студиската програма, еден член од Стручниот совет за докторските студии и менторот. Студентот за семинарот и конференцијата во II семестар треба да поднесе пријава, труд со една страница текст (хипотеза и предлог за истражување) и power point презентација.

**III и V семестар**

Студентот за семинарот во III и V семестар треба да го подготви следното:

- пријава
- пишан труд од 4 до 10 страни текст кој треба да се рецензира на ниво на Советот на студиската програма.

Валоризацијата на кредитите за семинарите кои се одржуваат во III и V семестар ја врши трочлена комисија определена од советот на студиската програма, по правило составена од: менторот и два члена од потесната област, кои не мора да бидат членови на Советот на СП. Комисијата врши рецензија на пишаниот труд и ја доставува до ССДС и до службата од единицата надлежна за водење на досието на студентот.

**IV и VI семестар**

Студентот за конференцијата во IV и VI семестар треба да го подготви следното:

- пријава
- јавна презентација (power point) на рецензираниот труд од семинарот

Валоризацијата на кредитите за конференциите кои се одржуваат во IV и VI семестар ја врши трочлена комисија, по правило составена од: раководителот на студиската програма, еден член од Стручниот совет за докторските студии и менторот. Комисијата составува записник со оценка на презентацијата и истата ја доставува до ССДС и до единицата надлежна за водење на досието на студентот.

Раководителите имаат обврска да ги поканат за присуство на јавните презентации членовите на Советите на студиските програми, активните студенти на трет циклус докторски студии на соодветната студиска програма, како и други заинтересирани лица.

**Работилници**

Работилниците се организираат на ниво на студиската програма. Работилниците може да се организираат во формата на презентации, семинари, редовни годишни конференции значајни за областа, студиски престои, предавања од еминентни професори од странство и сл.

Валоризацијата на кредитите за работилниците ја вршат раководителот на студиската програма и менторот.

## 5.2. Едукација

Едукацијата опфаќа предмети од полето и од потесната област на истражување, и се вреднува со 30 ЕКТС-кредити.

Студентот на трет циклус студии докторски студии изборот на предмети од генерички знаења и вештини за истражување и од потесната област на истражување го прави во консултација со менторот.

Листата на избрани предмети се доставува до Раководителот на студиската програма на трет циклус студии, при процесот на запишување на докторски студии.

Избраните предмети се запишуваат во соодветната студентска евиденција и во индексот на студентот.

Измена на избраните предмети е можна со поднесување молба за промена на предметот, со плаќање надомест кој е утврден со посебен акт.

Одлука за промена на избраните предмети донесува советот на студиската програма.

## 5.3. Пријавување, изработка и одбрана на докторската дисертација

Пријавувањето, изработката и одбраната на докторската дисертација опфаќаат:

- истражување за подготовка на тема за докторска дисертација ( во II семестар ) – се вреднува со 14 ЕКТС – кредити;
- истражување, подготвување и поднесување на пријавата за темата за докторската дисертација ( во III семестар) – се вреднуваат со 28 ЕКТС – кредити;
- истражување и објавување резултати (во IV семестар) – се вреднуваат со 25 ЕКТС – кредити;
- истражување и објавување резултати (во V семестар) се вреднуваат со 28 ЕКТС – кредити;
- истражување и пишување на тезата (во VI семестар) се вреднуваат со 25 ЕКТС – кредити.

Активностите поврзани со пријавувањето и изработката на докторската дисертација опфаќаат:

- истражување за подготовка на тема за докторската дисертација (во II семестар) – се вреднува со 14 ЕКТС - кредити;
- истражување, подготвување и поднесување на пријавата за темата за докторската дисертација (во III семестар) – се вреднуваат со 28 ЕКТС - кредити;
- истражување и објавување резултати (во IV семестар) - се вреднуваат со 25 ЕКТС - кредити;
- истражување и објавување резултати (во V семестар) - се вреднуваат со 28 ЕКТС - кредити;
- истражување и пишување на тезата (во VI семестар) - се вреднуваат со 25 ЕКТС - кредити.

Валоризацијата на кредитите за активностите поврзани со пријавувањето и изработката на докторската дисертација ја врши менторот на кандидатот, врз основа на извештајот за истражување поднесен од кандидатот. Менторот доставува примерок од извештајот до раководителот на студиската програма.

Согласно член 48 од Правилникот, по остварени 42 ЕКТС-кредити од избраните предмети и најмалку 4 ЕКТС-кредити од докторски семинари и годишна конференција, студентот преку советот на студиската програма, до наставно-научниот, односно научниот совет поднесува пријава за изработка на докторска дисертација.

Согласно член 49 од Правилникот, со пријавата за изработка на докторската дисертација, студентот поднесува и елаборат за темата на докторската дисертација. Студентите на Медицинскиот факултет поднесуваат и согласност од Етичката комисија на Медицинскиот факултет во Скопје и согласност од институцијата каде што ќе се работи докторската дисертација.

Согласно член 60 од Правилникот, докторандот стекнува право да ја предаде изработената докторска дисертација по остварени 60 кредити од обуката за стекнување генерички знаења и вештини за истражување и објавени најмалку 2 печатени труда во списание со меѓународен уредувачки одбор или зборник на трудови од собир на меѓународна научна асоцијација.

## Најчесто поставувани прашања

**П1:** *На кој јазик треба да биде пишуван трудот за семинарот од II, III и V семестар и на кој јазик треба да се презентира овој труд во рамките на годишната конференција во IV и VI семестар?*

**Трудот за семинарот се пишува на англиски или на македонски јазик. Пишувањето на трудот на англиски јазик овозможува истиот да биде достапен до поширок академски круг.**
**Презентацијата во рамките на годишната конференција покрај на македонски јазик, може да биде и на англиски јазик како еден од светските јазици.**

**П2:** *Кој е потписник на одлуката за составот на комисијата за оценување (рецензија) на семинарскиот труд за семинарот од III и V семестар?*

**Одлуката за избор на тричлената комисија која ќе ги валоризира кредитите за семинарите кои се одржуваат во III и V семестар ја донесува Советот на студиската програма. Согласно тоа, одлуката ја потпишува раководителот.**

**П**3. *Каква треба да е структурата на комисијата за оценување на трудот напишана од страна на докторанд а предвидена во наставата за докторски студии за III и* V *семестар.*

**Комисијата за оценување на трудот напишана од страна на докторанд а предвидена во наставата за докторски студии за III и V семестар, по правило треба да биде составена од: менторот и два члена од потесната област.**

**П4.** *Дали постојат исти комисии кои се и за оценување на трудот и за јавна презентациија или ќе мора да се избере втора комисија?*

**Веројатно овде се работи за недоразбирање. Една е комисијата при валоризацијата на кредитите за семинарот и годишната конференција која се држи во II семестар (по пат на јавна презентација) и по правило е составена од: раководителот на студиската програма, еден член од Стручниот совет за докторските студии и менторот.**

**Во измените на Правилникот се предвидува валоризацијата на кредитите за конференциите кои се одржуваат во IV и VI семестар да ја врши трichлена комисија, по правило составена од: раководителот на студиската програма, еден член од Стручниот совет за докторските студии и менторот, додека за семинарите е надлежен Советот на СП и комисија објаснета во одговорот на П3.**

**Од ова произлегува дека во II и во III студиска година навистина се во П2 комисии кои треба да валоризираат 2 различни активности на студентот. Првата комисија го валоризира семинарот, а втората ја валоризира конференцијата.**

**П5:** *Ако се две комисии, дали менторот мора, треба, може или не треба да е член на оценувачката комисија на трудот т.е. комисијата за рецензија?*

**Менторот е член во двете комисии**

**П6:** *Дали резултатите кои треба да бидат презентирани во семинарската – трудот треба да бидат оригинални?*

**П7:** *Ако резултатите кои треба да бидат презентирани во семинарската треба да се оригинални, како докторандот и менторот ќе се заштитат од конкурентските научно-истражувачки групи во случај кога може некој да ја искористи таа идеја и да сработи нешто аналогно што овие не стигнале, а планирале итн.?*

**П8:** *Ако не мора резултатите да се оригинални, какви податоци може да искористи докторандот? Дали докторантот може да презентира резултати од направен преглед на литературата?*

**6,7,8: Какви резултати ќе бидат презентирани во семинарската – трудот зависи од темата, кандидатот и менторот. Во трудот би требало да бидат презентирани и резултати. Заштитата од конкурентските научно-истражувачки групи е регулирана со Законот за заштита на авторските права. Обемот и формата на презентираните резултати како и податоците кои може да ги искористи докторандот зависи од него и од менторот. Трудот треба да содржи преглед на литературата.**

**П9:** *Ве молиме да дефинирате или да не упатите на прифатена класификација на научно поле, област, потесна област, т.е. што е потесна област?*

**Важечката класификација на научните подрачја, полиња и области, според меѓународната Фраскатиева класификација е објавена во Сл. весник на РМ, бр. 103 од 30.7.2010 година.**

**П 10:** *Кој е и кој го одредува рокот за предавање на изработениот семинарски труд за III семестар?*

**Рокот на предавање семинарскиот труд не е фиксно определен. Тој зависи од темпото со кое се врши истражувањето, но исто така од него зависи и напредувањето на студентот, односно трудот треба да биде позитивно рецензиран за да се валоризираат кредитите и за да може да се запише наредниот семестар.**

**П 11:** *Што се прави со трудот т.е. каде се предава овој труд, во архивите на факултетите или се доставува до ССДС?*

**Трудот, заедно со пријавата и предлогот за рецензентска комисија се доставува до Советот на студиската програма. Откако ќе биде рецензиран, трудот, со рецензијата се доставува до Стручниот совет на докторски студии. Сите трудови, заедно со рецензиите, ќе бидат печатени во Зборник на трудови на докторската школа. Во таа насока, покрај во писмена, треба да биде обезбедена и електронска верзија на трудовите и рецензиите.**

**П12:** *Кој е рокот за пишување на рецензијата (за да не се случи некои да ја пишуваат 6 месеци и да му ја кочат работата на докторандот)?*

**Правилникот не го регулира ова прашање. Менторот е обврзан да води сметка да не се закочи напредувањето на студентот без оправдана причина.**

**П 13:** *Дали комисијата за оцена т.е. рецензија на семинарската т.е. семинарскиот труд треба да се потврди од Наставно-научниот совет на факултетот или доволна е одлука од Стручниот совет (во нашиот случај на Институтот за хемија при ПМФ) или од Советот на студиската програма?*

**За сите прашања надлежен е Советот на студиската програма.**

**П 14:** *Што ќе биде т.е. што со подготвената рецензија (каде треба да се предаде и дали таа треба да се чита при јавната презентација на трудот).*

**Рецензијата се доставува до Советот на студиската програма, заради валоризација на кредитите, како и до ССДС за објавување во Зборник. Доколку на конференцијата во наредниот семестар се презентира истиот труд, рецензијата се чита.**

**П 15:** *Дали менторот или докторандот може да бара изземање на некој член од комисијата за оценување на трудот и кои може да бидат причините за тоа?*

**Прашањето не е регулирано во Правилникот, а треба да се решава на ниво на Совет на студиска програма. Доколку се појави какво и да било спорно прашање околу изземање на некој член од Комисијата, во спорот по потреба би се вклучил и Стручниот совет на докторските студии.**

**Стручен совет на докторски студии**

**бр. 21-704**
**2.7.2013 година**
**Скопје**